## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот за микронаводнување (капка по капка и микродождење) и со фолијарна апликација.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

20% Манган хелат со 7% амониум сулфат се користи за нормален раст и развој на земјоделските култури, како и за спречување на мозаичната хлороза настаната како резултат на недостиг на овој елемент. Редовната исхрана со манган има позитивно влијание врз правилната исхрана со азот, додека кај легуминозните култури влијае за поголема фиксација на азот од воздухот.
20% Манган хелат со 7% амониум сулфат може да се аплицира во сите фази на раст и развиток на растенијата бидејќи содржи азот и сулфур како хранлива материја, а особено се препорачува на почетокот на вегетацијата и во фазата на почетно цветање и плодоносење.
Се препорачува 20% Манган хелат со 7% амониум сулфат да се аплицира со водата за наводнување. Во случај кога не се применуваат техники на микронаводнување, се препорачува фолијарна апликација. Кај градинарските и кај полјоделските култури се препорачува да се започне со фолијарна апликација веднаш штом посевите добијат доволно лисна маса за апсорпција на растворот, додека кај виновата лоза и кај овошните насади се препорачува апликација за време на вегетативниот циклус. Најдобар ефект се постигнува со комбинација на системот за микронаводнување и фолијарна апликација.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Почеток на вегетацијата, почетно цветање и плодоносење | 2-3 апликации на 7-10 дена | 1-2 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |
| Полјоделски култури | Во тек на вегетацијата | 1-2 апликации | 1-2 l ѓубриво со најмалку 3000-4000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Пораст на плод-зрно* | 2-3 апликации на 7-10 дена | 1-2 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |

*Во оваа фаза фертиригацијата може да започне доколку дозволуваат условите на терен (сува пролет и обезбедување вода за наводнување).

**Фолијарна апликација**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање ml/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Почеток на вегетацијата, почетно цветање и плодоносење | 2-3 апликации на 10-14 дена | 250 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Полјоделски култури | Во тек на вегетацијата | 2 апликации | 200 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | По отворање на пупките и во фазата на пораст на плод-зрно | 2-3 апликации на 10-14 дена | 250 ml ѓубриво со 100 l вода |

Ефектот од фолијарната апликација е подобар во раните утрински или во вечерните часови.

**НАПОМЕНА**
Растворот од 20% Манган хелат со 7% амониум сулфат не смее да се меша со ѓубрива кои имаат силна кисела и алкална реакција. Може да се употребува поединечно или во комбинација со многу пестициди, меѓутоа пред секоја употреба неопходно е да се прочита упатството на производителот на средствата за заштита.

**СКЛАДИРАЊЕ**
На температура повисока од +10°C.

**РОК НА УПОТРЕБА**
2 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Манган (Mn) | (3,0 ± 0,2) % |
| $Mn(NH_4)_2EDTA$ | (20,0 ± 1,0) % |
| $(NH_4)_2SO_4$ | (7,0 ± 0,5) % |